ИНТЕРВЈУ - ИЗБОРИТЕ СЕ НАБЛИЖУВААТ, РАБОТИТЕ НЕ СЕ ЗАВРШУВААТ

Според амбасадорката на Франција во Македонија, Лоренс Оер, доцнат ургентните реформи

Слободанка Јовановска

Според Европската комисија, Македонија се наоѓа во критична политичка ситуација. Како гледате на остварувањето на договорот од Пржино и дали опструкциите му наштетија на процесот?

Треба апсолутно да се напредува и да се продолжи со спроведувањето на структурните реформи што беа наведени како ургентни во договорот од Пржино, а околу кои има доцнење. Се договоривме да се направи ревизија на избирачкиот список во ДИК и за тоа да и' се даде доволно време, како и за други прашања што ни се чинат ургентни. Гледаме дека изборите наближуваат, а голем дел од работите се' уште не се направени.

Преговорите заглавија околу медиумите, иако слободата на изразување е загарантирана со Уставот. Власта негодува дека и сегашниот закон е донесен според барањата на ЕК и е европски, па не гледа причина зошто да се менува...

Пред се', тоа се разговори што се одвиваат во работната група на Питер Ванхоуте, кому ние му искажуваме целосна доверба. Законот од 2013 година е во согласност со европското законодавство, но голем дел од точките во него зависат од самата практика, т.е. од неговото спроведување. Секојдневно забележуваме и констатираме, а тоа го имаше и во извештајот на Европската комисија, дека има многу точки за кои треба да се преговара, за да биде подобрена состојбата со слободата на изразување во земјата. Не знам што се предлага како измена, но со германската амбасада организиравме размена на мислења со здруженијата, а со различни протагонисти, како Советот за етика и Советот за радиодифузија, организиравме тркалезна маса. Мислам дека суштинско е медиумите за време на изборниот процес да ги почитуваат правилата за известување и одредени трговски правила за нивно функционирање. Посакуваме да има

спротивставена дебата пред изборите за да можат граѓаните да ги видат на телевизија и едните и другите политички претставници како дебатираат за одредени прашања, како и да не постои нерамнотежа во присутноста што и' се дава на власта во однос на опозицијата. Голем број прашања очигледно зависат од практицирањето на законот, бидејќи иако во 2015 година беше постигнат огромен напредок, сепак тоа не е доволно.

Јавноста очекува многу од процесот од Пржино и од изборите. Можат ли изборите да ги решат проблемите на Македонија, а политичарите што ни' доведоа до оваа криза повторно да добијат легитимитет преку нив?

Јас верувам во договорот од Пржино и' верувам во новите избори. Искрено, мислам дека изборите во 2014 година, што не беа признати од опозицијата, ја доведоа земјата во ќорсокак. Не сакам да кажувам кој беше во право а кој не, но една година и три месеци владино функционирање без присуство на опозицијата во Собранието и' штетеше на самата земја. Затоа, сметам многу на договорот од Пржино, зашто во демократија нема друго решение освен да се изјасниме на избори. Но, тие треба да се одржат во услови во кои никој ќе нема забелешки, во неприкосновени услови за да нема потоа оспорување на гласовите. Но, за тоа е потребен напор од сите. Граѓанинот треба да добие впечаток дека е слободен да излезе да гласа и дека неговиот глас има тежина, како и да постои вистинска мобилизација на македонските граѓани за да нема впечаток дека работите се решени однапред.

Како, по трагичните настани во Париз гледате на кризата со мигрантите, а особено на начинот како Македонија се справува со овој проблем?

Многу ми е тешко да одговарам на прашање за нападите во Париз поврзано со мигрантите. Мојата земја беше погодена од најсвирепиот напад од Втората светска војна. Се' уште сме во потрага по осомничените во Белгија, а најголема грижа на француската влада е истрагата за да не остане неказнето ова дело. Начинот, пак, како македонската влада реагира на мигрантската криза е актуелно прашање од мај годинава. На моите соговорници често им велам дека ние во Франција и во Република Македонија имаме среќа што постои постојана комуникација меѓу различните влади која овозможи тој масовен бран од мигранти, кој се движи без некој да може да го контролира, досега да не предизвика поголем број инциденти. Има напредок околу справувањето со овој проблем на европско ниво, а и Фронтекс ќе дојде деновиве на границата, што е одговор токму на барањето на македонските власти. Се надевам дека во одреден момент ќе имаме систем на набљудување на границите што ќе овозможи поголема контрола и ќе спречи поединечни лица да поминуваат без да бидат проверени. Бидејќи тоа е опасно и за нас, и за ЕУ генерално.

Како ја оценувате контроверзната конференција што ја подготвуваат ДУИ и Питер Фејт? Дали е таа дел од договорот од Пржино и беше ли неопходно, според Вас, да се отвори тоа прашање сега кога има толку посериозни за решавање?

Точно е дека договорот од Пржино не бара отворање на Охридскиот договор. Нашата загриженост е иста и таа е поврзана со роковите, како и со тешкотиите повторно да се отвори досието за децентрализацијата, особено во предизборниот период. Во суштина барањето е легитимно, но ние никогаш не сме кажале дека Охридскиот договор е алфа и омега на заедничкото живеење меѓу различните страни. Важно е да постои процес. Предизборниот период сам по себе е мошне тежок за да се прават какви било промени

внатре во државата, особено што сега има транзициска влада. Не можеме да ја менуваме децентрализацијата три месеци пред изборите.

Вие ги помагавте реформите на јавна администрација. Како ги коментирате сега информациите дека 1.600 вработени административци земаат плата, а не работат?

Новиот Закон за јавната администрација е закон според системот за заслуги, така што би требало да постои развој во сите министерства при вработувањето и при напредувањето според нив, што би требало да значи исто така дека тие што се вработуваат, се вработуваат бидејќи ќе бидат корисни. Ние ќе продолжиме со организирањето обуки за вработување и за хиерархиско напредување заедно со Министерството за информатичко општество и јавна администрација.

Доделивте француска награда за човековите права во Македонија. Зошто цените дека има таква потреба?

Ова е награда од амбасадата на Франција со која се дава поддршка на мала невладина организација која навистина работи на признавање на човековите права. Оваа година ја одбравме темата за правото на здрава животна средина за да им се покаже на македонските граѓани дека имаат право на тоа. Не основаме награди за човекови права во земји што имаат проблеми со тоа, туку ова е позитивна динамика од самитот за климатските промени во Париз. Станува збор за невладината организација „Вила зора“ од Велес, која брои околу 400 членови доброволци кои од 1999 година работат на спречување на загадувањето на почвата. Тоа е една активна група на лекари, и не само лекари доброволци кои работат на информирање за целокупната состојба околу правото на здрава животна средина во Велес. Наградата е скромна и е парична.

На самитот за климатски промени говор одржа и нашиот претседател Ѓорге Иванов, што од некои медиуми беше оценет како многу силен. Сепак, говорите не ги менуваат состојбите, а во Скопје и други градови деновиве дишеме повеќе отрови отколку воздух...

Самитот во Париз има за цел да се предвидат сценарија и да се намали глобалното затоплување, кое пак не значи само загадување, туку и климатска дерегулација. Тоа, на пример, го забележуваме во Македонија во областа на земјоделството, каде што очигледно има се подолги сушни периоди и тие се случуваат неочекувано. Министерот Нурхан Изаири се приклучи на групата преговарачи на министерската конференција што почна минатата недела, по самитот на шефовите на државите и владите. Станува збор за комплицирана тема која предизвикува силен антагонизам меѓу богатите и сиромашните земји, па учеството на секоја земја е вредно на самитот. Ние сметаме многу на земјите кандидати за ЕУ, за да можеме сите европски земји да одиме во иста насока. Македонија е дел од таа европска група што дава амбициозни предлози.

На домашен терен, пак, треба да се направат многу работи, во однос на градскиот сообраќај, во однос на селектирањето на отпадот и штедењето на енергија. Треба, исто така, да се постигне гасификација на Скопје, во сите згради да се постават бројачи, да се користи повеќе соларната енергија, што покажува дека се потребни инвестиции. Исто така во јавниот превоз ви требаат повеќе возови место автопати, ви требаат инвестиции во енергетскиот сектор и да се користи што помалку јаглен и дрва.

Потребни се и засилени норми за патничките возила. Треба да се постигне одреден степен на развој за да се одговори на предизвиците од животната средина. Сметам многу на европските фондови во таа насока.